# 2026-2030
# СТРАТЕШКИ ПЛАН
# НА
# СОБРАНИЕТО
# НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



## М И С И Ј А

ДА ГИ ПРЕТСТАВУВА ГРАЃАНИТЕ, ДА НОСИ ЗАКОНИ И ДА ВРШИ КОНТРОЛА И НАДЗОР НАД ИЗВРШНАТА ВЛАСТ

## В И З И Ј А

ОТВОРЕНА, ОДГОВОРНА И МОДЕРНА ЗАКОНОДАВНА ВЛАСТ ВО ФУНКЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ

## С Т Р А Т Е Ш К И   Ц Е Л И

2026 - 2030

- ФУНКЦИОНАЛНО СОБРАНИЕ
- ОТВОРЕНО СОБРАНИЕ
- ДИГИТАЛНО СОБРАНИЕ
- БЕЗБЕДЕНО СОБРАНИЕ
- СОБРАНИСКА ДИПЛОМАТИЈА
- ЕФИКАСНА СЛУЖБА

# НАДЛЕЖНОСТИ И ОРГАНИЗАЦИЈА

Република Северна Македонија е држава со парламентарна демократија. Една од темелните вредности на уставниот поредок е поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска. Улогата на Собранието е суверено да донесува закони, да ги претставува граѓаните и да ја контролира Владата. Работата на Собранието се уредува со Уставот, Законот за Собранието и Деловникот на Собранието.

ПРЕТСТАВНИЧКАТА ФУНКЦИЈА на Собранието се остварува преку комуникација меѓу пратениците и граѓаните. Канцелариите за контакт со граѓаните претставуваат значајна форма за комуникација на пратениците со граѓаните и избирачите во нивните изборни единици.

ЗАКОНОДАВНАТА ФУНКЦИЈА на Собранието се остварува преку донесување на закони во постапка уредена со Деловникот. Собранието за вршење на работите од својата надлежност донесува и одлуки, декларации, резолуции, препораки, заклучоци и основа органи и тела.

ПОЛИТИЧКА КОНТРОЛА И НАДЗОР Собранието врши преку пратенички прашања, интерпелација, прашање за доверба на Владата и анкетни комисии над Владата и над други носители на јавни функции што се одговорни пред Собранието. Во рамките на остварувањето на надзорната функција, се организираат надзорни расправи за надзор над спроведувањето на политиките и извршувањето на законите.

## Работата на Собранието се одвива преку:

24 работно тело (комисии);

3 совети (европски интеграции, собраниски канал и буџетски);

9 Интер партиски парламентарни групи:

- Клуб на пратенички;
- Клуб за младински прашања и политики;
- за правата на лица со попреченост;
- за правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција;
- за заштита на природата и борба против загадувањето и климатските промени;
- за поддршка на Кримската платформа.
- за националната развојна стратегија
- за Берлинскиот процес и Планот за раст
- за борба против корупцијата

## Собраниската дипломатија се одвива преку

10 делегации во меѓународни парламентарни собранија и други мултилатерални форуми и 51 пратенички групи за билатерална соработка.

**Пратеничките групи во Собранието** имаат еден асистент на секој пет пратеници и пратениците имаат канцеларија со асистент во местото каде што се избрани.

## Работата на Собранието е поддржана од:

софтвери (е-парламент, е-библиотека, е-законодавна архива и системи за електронска комуникација) и ИКТ опрема, ИСО стандарди за квалитет, Заедничка рамка за проценка (CAF) и Стратегија за справување со ризици.

**Зградата на Собранието** е изградена од 1936 година со доградба од 2016 година со вкупно 18.127 $м^2$ простор. Секој пратеник има своја канцеларија во зградата.

Работата на Собранието ја поддржува собраниската служба раководена од генерален секретар.

Собраниската служба е составена од собраниски службеници и помошно-технички лица организирани во:

1 кабинет,

17 сектори,

53 одделенија во рамките на секторите и кабинетот,

3 посебни организациони единици – Парламентарен институт, Буџетска канцеларија и Внатрешна ревизија

Генералниот секретар има заменици кои го заменуваат во случај на спреченост или отсуство и му помагаат во неговата работа.

Согласно Законот за Собранието формиран е Совет на собраниска служба, како посебно советодавно тело на Генералниот секретар. Советот е составен од сите раководители на сектори и организациони единици на чии предлози Генералниот секретар на Собранието донесува одлуки поврзани со Актите за внатрешна организација и систематизација на работните места. Советот дава предлози за вработувања и унапредувања согласно потребите на секоја организациона единица.

# ЦЕЛИ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН 2026-2030

## ФУНКЦИОНАЛНО СОБРАНИЕ

1 Зајакната претставничка функција
2 Остварување на законодавна функција
3 Зајакната надзорна функција
4 Граѓанско учество во законодавниот процес
5 Информирани пратеници
6 Подобрена правна рамка за работата на Собранието, интегритет и ефективност
7 Календар на активности
8 Еднаквост на мажите и жените

## ОТВОРЕНО СОБРАНИЕ

1 Промовирање на култура на отвореност и вклучена и информирана јавност и ранливи категории граѓани
2 Собраниски канал
3 Собранието дел од Партнерството за отворена власт
4 Проактивна комуникација со јавноста и медиумите
5 Транспарентност и отворени податоци

## ДИГИТАЛНО СОБРАНИЕ

1 Дигитализација на услуги и процеси
2 Безбедност на мрежата
3 Информатичка опрема и хардвер
4 Подобрување на комуникацијата, интранет и интернет конекциите
5 Аудио и видео опрема

## БЕЗБЕДЕНО СОБРАНИЕ

1 Независно собраниско обезбедување
2 Изработка на безбедносни протоколи
3 Модернизирање на надворешна инфраструктура и периметар
4 Безбедно снабдување со енергија
5 Безбедност на ИКТ системи и податоци
6 Одржување и заштита на основна инфраструктура

## СОБРАНИСКА ДИПЛОМАТИЈА

1 Остварување на стратешки цели на надворешната политика
2 Поддршка на парламентарната дипломатија
3 Иницијативен парламент во мултилатерални и билатерални односи
4 Кредибилен парламент, дефинирани позиции во надворешна политика

## ЕФИКАСНА СЛУЖБА

1 Екипираност и политика на задржување на кадарот
2 Професионален развој на вработените и континуирано учење
3 Правила за писмен и говорен превод
4 Комплетирање на системите за управување со квалитет
5 Спроведување на заедничка рамка за оценка во Собранието (КАФ)
6 Справување со ризици во работните процеси и функционирањето
7 Енергетски ефикасен парламент
8 Парламент без хартија
9 Здравје и заштита при работа
10 Себе-евалуација
11 Ревизија и контрола на работењето

# ЦЕЛ 1 ФУНКЦИОНАЛНО СОБРАНИЕ

## ПРИОРИТЕТИ

1. ЗАЈАКНАТА ПРЕТСТАВНИЧКА ФУНКЦИЈА
2. ОСТВАРУВАЊЕ НА ЗАКОНОДАВНА ФУНКЦИЈА
3. ЗАЈАКНАТА НАДЗОРНА ФУНКЦИЈА
4. ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО ВО ЗАКОНОДАВНИОТ ПРОЦЕС
5. ИНФОРМИРАНИ ПРАТЕНИЦИ
6. ПОДОБРЕНА ПРАВНА РАМКА ЗА РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО
7. КАЛЕНДАР НА АКТИВНОСТИ
8. ЕДНАКВОСТ МЕЃУ МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ ВО СОБРАНИЕТО

## ПОВАЖНИ ВРЕДНОСТИ

90% ФУНКЦИОНАЛНИ КАНЦЕЛАРИИ ЗА КОНТАКТ СО ГРАЃАНИ,

100% ОРГАНИЗИРАНИ ЗАКАЖАНИ ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ, НАДЗОРНИ И ЈАВНИ РАСПРАВИ

НАДЗОР НАД РЕВИЗОРСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ОД ДЗР

ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЕКСПЕРТИ И ЈАВНОСТ ВО РАБОТНИТЕ ТЕЛА

100% ОДГОВОРЕНИ БАРАЊА ЗА АНАЛИЗИ, ПВР ПРОЦЕНКИ ЗА ПРЕДЛОЗИ ОД ПРАТЕНИЦИ, ОБУКИ, ДИСТРИБУИРАНИ 12 ЕУ ВЕСНИЦИ И МПК БИЛТЕНИ

ПРИМЕНА НА ЕТИЧКИ КОДЕКС, ПРИМЕНА НА ОДЛУКА ЗА НОМОТЕХНИКА, ПРАВИЛНИК ЗА АКРЕДИТАЦИЈА ЗА СРЕДСТВАТА ЗА ЈАВНО ИНФОРМИРАЊЕ

ПРЕДВИДЛИВОСТ НА ЗАКОНОДАВНАТА АГЕНДА

НАЈМАЛКУ 80% СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ ОД ПЛАНОТ ЗА ЕДНАКВОСТ НА МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ

# ЦЕЛ 2 ОТВОРЕНО СОБРАНИЕ

## ПРИОРИТЕТИ

1. ПРОМОВИРАЊЕ НА КУЛТУРА НА ОТВОРЕНОСТ И ВКЛУЧЕНА И ИНФОРМИРАНА ЈАВНОСТ И РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ ГРАЃАНИ
2. РЕФОРМА НА СОБРАНИСКИОТ КАНАЛ
3. СОБРАНИЕТО ДЕЛ ОД ПАРТНЕРСТВОТО ЗА ОТВОРЕНА ВЛАСТ
4. СТРАТЕГИЈА ЗА КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА НА СОБРАНИЕТО
5. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТВОРЕНИ ПОДАТОЦИ

## ПОВАЖНИ ВРЕДНОСТИ

НАЈМАЛКУ 100 ТУРИ ЗА ПОСЕТИ, 6000 ГРАЃАНИ, 16 СЕМИНАРИ И 1750 УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ НА ГОДИШНО НИВО, ИСПЕЧАТЕНИ 10000 ПАКЕТИ, АНГАЖИРАЊЕ НА ЗНАКОВЕН ПРЕВЕДУВАЧ

20% НОВИ СОДРЖИНИ НА СОБРАНИСКИОТ КАНАЛ, ПРАВИЛНИК ЗА АУДИО ВИДЕО СНИМАЊЕ

СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН КОН ПАРТНЕРСТВОТО ЗА ОТВОРЕНА ВЛАСТ (МОБИЛЕН ПАРЛАМЕНТ, РЕГИСТАР НА РЕГУЛАТОРНИ ТЕЛА) И НОВ ПЛАН ЗА 2026-2028

ДОНЕСЕНА СТРАТЕГИЈА ЗА КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И НЕЈЗИНО СПРОВЕДУВАЊЕ

КРЕИРАНИ ПОДАТОЧНИ СЕТОВИ ОД СИТЕ ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ И ДОСТАПНИ ОН-ЛИНЕ ВО ПРЕБАРЛИВ ФОРМАТ

# ЦЕЛ 3 ДИГИТАЛНО СОБРАНИЕ

## ПРИОРИТЕТИ

1. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА УСЛУГИ И ПРОЦЕСИ
2. БЕЗБЕДНОСТ НА МРЕЖАТА
3. ИНФОРМАТИЧКА ОПРЕМА И ХАРДВЕР
4. ПОДОБРУВАЊЕ НА КОМУНИКАЦИЈАТА, ИНТРАНЕТ И ИНТЕРНЕТ КОНЕКЦИИТЕ
5. АУДИО И ВИДЕО ОПРЕМА

## ПОВАЖНИ ВРЕДНОСТИ

СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ИКТ

РАЗВОЈ И ПРИМЕНА НА АПЛИКАТИВНИ РЕШЕНИЈА ЗА: ДМС, ДИГИТАЛНО ПОТПИШУВАЊЕ ДОКУМЕНТИ, ТРАНСКРИПИЦИЈА ОД ГОВОР НА ТЕКСТ, ИЗВЕШТАИ И СТАТИСТИКИ

ЛИЦЕНЦИ ЗА ДИГИТАЛНА ЗАШТИТА И СЕРВЕРСКИ КЛИМА УРЕДИ

МАШИНИ ЗА ПЕЧАТНИЦАТА, ИНФОРМАТИЧКА ОПРЕМА

РЕГИСТАР НА РЕГУЛАТОРНИ ТЕЛА ОСНОВАНИ ОД СОБРАНИЕТО, КОНТРОЛА НА ПРИСТАП ВО ЗГРАДА И ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ПОСТАПКА ЗА НАЈАВА

АУДИО ВИДЕО ОПРЕМА И СИСТЕМ ЗА ГЛАСАЊЕ ВО БОРИС ТРАЈКОВСКИ, , МОНИТОРИ ЗА ПЛЕНАРНА, КОМУНИКАЦИСКА ОПРЕМА, WINDOWS SERVER

# ЦЕЛ 4 БЕЗБЕДНО СОБРАНИЕ

## ПРИОРИТЕТИ

1. НЕЗАВИСНО СОБРАНИСКО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ
2. ИЗРАБОТКА НА БЕЗБЕДНОСНИ ПРОТОКОЛИ
3. МОДЕРНИЗИРАЊЕ НА НАДВОРЕШНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПЕРИМЕТАР
4. БЕЗБЕДНО СНАБДУВАЊЕ СО ЕНЕРГИЈА
5. БЕЗБЕДНОСТ НА ИКТ СИСТЕМИ И ПОДАТОЦИ
6. ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ОСНОВНА ИНФРАСТРУКТУРА

## ПОВАЖНИ ВРЕДНОСТИ

ИЗВЕДБЕНИ ПРОЕКТИ ЗА БЕЗБЕДНОСНАТА ЗОНА И НАБАВКА НА РАМПИ, СТОЛБОВИ, ЛЕНТИ ЗА КОНТРОЛА НА ВЛЕЗ ВО НАДВОРЕШНИОТ ПЕРИМЕТАР СО КОНТРОЛА НА ВЛЕЗОВИТЕ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА НАДВОРЕШНИТЕ ВРАТИ

ЦЕЛОКУПНА ЗАМЕНА НА ОСНОВНА ИНФРАСТРУКТУРА НА ЦЕВКОВОДНИ СИСТЕМИ

РЕГУЛИРАЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОР ЗА АВТОМОБИЛИ, ВЕЛОСИПЕДИ И ЕЛЕКТРИЧНИ ТРОТИНЕТИ

ОПЛЕМЕНУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИЛО И ИНСТАЛАЦИЈА НА УРБАНА ОПРЕМА

НАБАВЕНИ РЕФЛЕКТОРИ ВО БОЈА

# ЦЕЛ 5 СОБРАНИСКА ДИПЛОМАТИЈА

## ПРИОРИТЕТИ

1. ОСТВАРУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ НА НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА
2. ПОДДРШКА НА ПАРЛАМЕНТАРНАТА ДИПЛОМАТИЈА
3. ИНИЦИЈАТИВЕН ПАРЛАМЕНТ ВО МУЛТИЛАТЕРАЛНИТЕ И БИЛАТЕРАЛНИТЕ ОДНОСИ
4. КРЕДИБИЛЕН ПАРЛАМЕНТ СО ДЕФИНИРАНИ ПОЗИЦИИ

## ПОВАЖНИ ВРЕДНОСТИ

ПРЕГОВОРИ СО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

ПОДДРШКА НА НПАА

СИТЕМАТИЗАЦИЈА НА БЕЛЕШКИ И ЗАПИСНИЦИ

УЧЕСТВО НА БИЛАТЕРАЛНИ И МУЛТИЛАТЕРАЛНИ НАСТАНИ И ПАРЛАМЕНТАРНИ СОБРАНИЈА И ОРГАНИЗАЦИИ

ЈАВНИ РАСПРАВИ, ТРИБИНИ СО УЧЕСТВО НА ПРАТЕНИЦИ, СТУДЕНТИ, ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, БИЗНИС СЕКТОР

РАБОТИЛНИЦИ ЗА ПРЕГОВОРИ, ПРЕГОВАРАЧКИ ПОЗИЦИИ, УЛОГА НА ПАРЛАМЕНТИТЕ ВО ПРЕГОВОРИТЕ СО ЕУ

# ЦЕЛ 6 ЕФИКАСНА СЛУЖБА

## ПРИОРИТЕТИ

1 ЕКИПИРАНОСТ И ПОЛИТИКА НА ЗАДРЖУВАЊЕ НА КАДАРОТ

2 ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ВРАБОТЕНИТЕ И КОНТИНУИРАНО УЧЕЊЕ

3 СТАНДАРДИ ЗА ПРЕВЕДУВАЊЕ И ТОЛКУВАЊЕ

4 КОМПЛЕТИРАЊЕ НА СИСТЕМИТЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ

5 СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКА РАМКА ЗА ОЦЕНКА ВО СОБРАНИЕТО (КАФ)

6 СПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ ВО РАБОТНИТЕ ПРОЦЕСИ И ФУНКЦИОНИРАЊЕТО

7 ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСЕН ПАРЛАМЕНТ

8 ПАРЛАМЕНТ БЕЗ ХАРТИЈА

9 ЗДРАВЈЕ И ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА

10 СЕБЕ-ЕВАЛУАЦИЈА

11 РЕВИЗИЈА И КОНТРОЛА

## ПОВАЖНИ ВРЕДНОСТИ

ПОПОЛНУВАЊЕ НА ИСПРАЗНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА

УНАПРЕДУВАЊЕ СПОРЕД СИСТЕМ НА ЗАСЛУГИ

20% ОД ВРАБОТЕНИТЕ ДА КОРИСТАТ СРЕДСТВА ЗА СТРУЧНО И ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ

СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСО СТАНДАРД 27001 И ВОВЕДУВАЊЕ НА 14001

НАМАЛУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКАТА НА ЕНЕРГИЈА

НАМАЛУВАЊЕ НА ХАРТИЈА ЗА ПРИНТАЊЕ

СПРОВЕДУВАЊЕ НА КАФ ПЛАНОТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА

СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РИЗИЦИ И РЕГИСТАРОТ ЗА РИЗИЦИ

СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

бр. 32-4563/6
29.08.2025

**Претседател на Буџетскиот совет на**
**Собранието на Република Северна Македонија**
**г. Антонијо Милошоски**